**20130912180**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 11 став (2) од Законот за земјоделски задруги („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденција на членовите и на производствените капацитети на членовите и на задругата.

Член 2

Евиденцијата од член 1 на овој правилник се води во пишана и електронска форма во рамките на земјоделската задруга.

Член 3

Евиденцијата од член 1 на овој правилник е во формат А4 на бела хартија и содржи податоци за :

- земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга;
- носителите на земјоделските стопанства – членови на земјоделската задруга;
- производствени капацитети на земјоделски стопанства - членови на земјоделската задруга или производствени капацитети на земјоделската задруга;
- катастарските парцели на кои се одвива земјоделското производство на земјоделската задруга и катастарските култури;
- катастарските парцели на кои се одвива земјоделското производство на членовите на земјоделската задруга и катастарските култури и
- земјоделска механизација и опрема со која располагаат земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга или земјоделската задруга.

Формата и содржината на евиденцијата од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник Република Македонија”.

Бр. 16-15231/1
14 јуни 2013 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски**, с.р.

Прилог

<table>
<tr><td colspan="3">Име на земјоделската задруга</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЕВИДЕНЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ И ПРОИЗВОДСТВЕНИ КАПАЦИТЕТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ И НА ЗАДРУГАТА</td></tr>
<tr><td>1. Назив и адреса на земјоделското стопанство - член на земјоделската задруга</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>2. Име и презиме на носителот на земјоделското стопанство - член на земјоделската задруга</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>3. Производствени капацитети на земјоделското стопанство- членови на земјоделската задруга / Производствени капацитети на земјоделската задруга</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td rowspan="6">4. Катастарските парцели на кои се одвива земјоделското производство на земјоделската задруга и катастарските култури</td><td>Катастарска парцела</td><td>Катастарска култура</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="9">5. Катастарски парцели на кои се одвива земјоделското производство на членовите на земјоделската задруга и катастарските култури</td><td colspan="2">Име на член на задругата</td></tr>
<tr><td>Катастарска парцела</td><td>Катастарска култура</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">6. Земјоделска механизација и опрема со која располагаат земјоделските стопанства - членови на земјоделската задруга или земјоделската задруга</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
</table>